Влада на Република Северна Македонија

Н А Ц Р Т

З А П И С Н И К
од Четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година**

Седницата започна во 15:40 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација ид-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, проф.д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија,

м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Годишна инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2025 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, со Предлог-одлука

2. Годишна инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, со Предлог – одлука

3. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

4. Годишна инвестициона програма за 2025 година, Програмата за работа за 2025 година и Финансискиот план за 2025 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип, со Предлог-одлука

5. Предлог - годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година

6. Инвестициона програма на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје за 2025 година, со Предлог - одлука

7. Финансиски план за 2025 година и Годишна програма за работа за 2025 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог – одлука

8. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година, Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за промоција и

поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог – одлука

9. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2025 година, со Предлог-одлука

10. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година, со Предлог-одлука

11. Годишна програма за работењето на Агенцијата за планирање на просторот, со Предлог-одлука

12. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог одлука

13. Предлог - програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2025 година

14. Годишен план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2025 година, со Предлог-одлука

15. Предлог - програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство за 2025 година

16. Финансиски план, Програма за работа 2025 година и Инвестициона програма на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука

17. Информација за давање согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за период од 2025-2027 година, со Предлог-одлука

18. Информација за давање согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за период од 2025-2027 година, со Предлог-одлука

19. Тригодишна инвестициона програма за период од 1.1.2025 до 31.12.2027 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

20. Годишна програма со Финансиски план за Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2025 година, со Предлог-одлука

21. Програма за работа за 2025 година, Финансиски план за 2025 година и Инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука

22. Инвестициона програма за 2025 година, Финансиски план и Програма за работа и развој за 2025 на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

23. Бизнис - план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2025 година, со Предлог – одлука

24. Програма за работа и Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2025 година, со Предлог - одлука

25. Годишна инвестициона програма, Програма за работа и развој и Финансиски план за 2025 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ –Скопје, со Предлог – одлука

26. Годишна инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог-одлука

27. Програмата за давање на ATM/ANS услуги за 2025 година, Годишниот финансиски план за 2025 година и Инвестиционата програма за 2025 година на М-НАВ АД-Скопје за 2025 година, со прилози и предлог-одлуки

28. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2025 година, со Предлог-одлука

29. Годишна програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2025 година, со Предлог-одлука

30. Предлог - програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2025 година

31. Предлог – програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2025 година

32. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година, со Предлог-одлука

33. Информација со Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2025 година на Фондот за иновации и технолошки развој и предлог – одлуки

34. Предлог - програма за основни геолошки истражувања за 2025 година

35. Предлог - програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2025 година

36. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука

37. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука

38. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

39. Предлог - уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

40. Предлог-програма за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2025 година

41. Предлог-програма за проширена репродукција на шумите за 2025 година

42. Предлог-програма за фитосанитарна политика за 2025 година

43. Предлог-програма за семе и саден материјал во 2025 година

44. Предлог-програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2025 година

45. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

46. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2025 година

47. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година

48. Предлог-програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година

49. Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година

50. Предлог-програма за водостопанство за 2025 година

51. Предлог – програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2025 година

52. Предлог – програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година

53. Предлог - годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година

54. Предлог - годишна програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2025 година

55. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2025 година

56. Предлог-програма за заштита на природата за 2025 година

57. Предлог-програма за управување со водите за 2025 година

58. Предлог-програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година

59. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2025 година

60. Предлог - годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година

61. Предлог-програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2025 година

62. Предлог - годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2025 година, со прилози

63. Предлог - национална програма за развој на железничка инфраструктура за период од 2025 година до 2029 година

64. Предлог-програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2025 година

65. Предлог- програма за заштита на потрошувачите за 2025 година

66. Предлог-програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2025 година

67. Предлог – програма за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година

68. Предлог - програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година

69. Предлог - годишна програма за рекултивација на деградирани простори за 2025 година

70. Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2025 година

71. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година

72. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година

73. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2025 година

74. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2025 година

75. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2025 година

76. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2025 година

77. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2025 година

78. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2025 година

79. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2025 година

80. Предлог - програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2025 година

81. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2025 година

82. Предлог-програма "„Здравје за сите“ за 2025 година

83. Предлог-програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година

84. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2025 година

85. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2025 година

86. Предлог - национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2025 година

87. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2025 година

88. Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2025 година

89. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2025 година

90. Предлог-програма за развој на спорт и млади за 2025 година

91. Предлог-програма за субвенции од областа на спортот за 2025 година

92. Предлог-програма за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за 2025 година за финансирање на националните спортски федерации и активности и проекти за промоција и унапредување на спортот во Република Северна Македонија

93. Кадровски прашања

94. Прашања и предлози

95. Програма за работа на Државниот испитен центар за 2025 година, со Финансиски план за реализација на активностите од Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2025 година

96. Годишен план за работа на Инспекциски совет за 2025 година

97. Финансиски план на Јавното претпријатие „Колекторски систем“ - Скопје за 2025 година

98. Програма за работа и развој на Јавното претпријатие „Колекторски систем“ – Скопје за 2025 година

99. Инвестициона програма за 2025 година на  Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопствврност

100. Информација во врска со Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година, бр.03-7166/2-1 од 24.12.2024 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

101. Програма за работа за 2025 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост

102. Финансиски план на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, за 2025 година

103. Годишна програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2025 година и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2025 година

104. Програма за работата на Јавното претпријатие „Национални шуми“ за 2025 година, со Финансиски план за 2025 година

105. Годишна програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година

106. Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година

107. Годишна програма со Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2025 година

108. Годишна инвестициска програма, Финансискиот план и Планот за производство на електрична енергија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година

109. Финансиски план на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2025 година

110. Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје за 2025 година

112. Предлог-програма за одбележување на годишнина на Рамковниот договор за 2025 година

113. Предлог-програма за одбележување на национален ден на етничките заедници за 2025 година

*
*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2025 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, со Предлог-одлука, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2025 година.

2. Ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа за 2025 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, како материјали за информирање.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, со Предлог – одлука, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес.

2. Ги разгледа Годишната програма за работа и Финансискиот план за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, како материјали за информирање.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” – п.о. – Скопје.

**Точка 4**

Владата по Годишната инвестициона програма за 2025 година, Програмата за работа за 2025 година и Финансискиот план за 2025 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип, со Предлог-одлука, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2025 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2025 година и Финансискиот план за 2025 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип за 2025 година, како материјали за информирање.

**Точка 5**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје за 2025 година, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2025 година.

**Точка 7**

Владата по Финансискиот план за 2025 година и Годишната програма за работа за 2025 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог – одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план за 2025 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

2. Ја разгледа Годишната програма за работа за 2025 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата ги разгледа Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година, Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог – одлука и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2025 година.

**Точка 10**

Владата го разгледа Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година.

**Точка 11**

Владата по Годишната програма за работењето на Агенцијата за планирање на просторот, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2025 година.

**Точка 12**

Владата по Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 14**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2025 година.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство за 2025 година.

**Точка 16**

Владата по Финансискиот план, Програма за работа 2025 година и Инвестициона програма на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука заклучи:

1. Ја донесе ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2025 година и

2. Ги разгледа Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјали за информирање.

**Точка 17**

Владата го разгледа и усвои Планот за работа за 2025 година на Државниот архив на Република Северна Македонија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за период од 2025-2027 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за период од 2025-2027 година.

Истовремено, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, истакна дека согласно заложбите во Програмата за работа на Владата, Фондот за иновации и технолошки развој треба да престане да работи во текот на 2025 година.

## Точка 19

Владата по Тригодишната инвестициона програма за период од 1.1.2025 до 31.12.2027 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање на согласност на Тригодишна инвестициона програма за период од 1.1.2025 до 31.12.2027 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

## Точка 20

Владата по Годишната програма со Финансиски план за Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2025 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2025 година.

## Точка 21

Владата по Програмата за работа за 2025 година, Финансискиот план за 2025 година и Инвестиционата програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2025 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2025 година и Финансискиот план за 2025 година, како материјал за информирање.

## Точка 22

Владата по Инвестиционата програма за 2025 година, Финансискиот план и Програмата за работа и развој за 2025 на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2025 година.

2. Ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа и развој за 2025 на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 23

Владата го разгледа Бизнис - планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2025 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на

Бизнис - планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2025 година.

**Точка 24**

Владата по Програмата за работа и Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2025 година, со Предлог - одлука, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2025 година.

2. Ја разгледа Програмата за работа за 2025 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи директорот на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза Скопје, да подготви и во рок од две недели до Владата да достави информација за работењето на Јавното претпријатие за 2024 година, со податоци за завршените активности во текот на годината, како и податоци за висината на личните приходи на органите на управување во ова јавно претпријатие.

**Точка 25**

Владата по Годишната инвестициона програма, Програмата за работа и развој и Финансискиот план за 2025 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ –Скопје, со Предлог – одлука и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје и

2. Ги разгледа Програмата за работа и развој за 2025 година и Финансискиот план за 2025 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ –Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

## Точка 27

Владата по Програмата за давање на ATM/ANS услуги за 2025 година, Годишниот финансиски план за 2025 година и Инвестиционата програма за 2025 година на М-НАВ АД-Скопје за 2025 година, со прилози и предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Програмата за давање на ATM/ANS услуги за 2025 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2025 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

3. Ја разгледа Инвестиционата програма за 2025 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи М-НАВ АД Скопје, да подготви и во рок од две недели до Владата, да достави информација за работењето на Акционерското друштво за 2024 година, со податоци за завршените активности во текот на годината, како и податоци за висината на личните приходи на органите на управување во Акционерското друштво.

Исто така, Владата на предлог на Александар Николоски, министер за транспорт, заклучи да се разгледа можноста за промена на моделот на управување од двостепен систем да се промени во едностепен систем за управување.

## Точка 28

Владата по Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2025 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2025 година.

## Точка 29

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2025 година, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата Советот на НИПП да достави мислење по истата.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2025 година.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2025 година.

**Точка 32**

Владата по Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година, со Предлог-одлука заклучи:

1. Ја донесе ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2025 година.

2. Ја разгледа Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата со Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2025 година на Фондот за иновации и технолошки развој и предлог – одлуки, ја усвои и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2025 година и

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2025 година.

**Точка 34**

Владата ја донесе Програмата за основни геолошки истражувања за 2025 година.

**Точка 35**

Владата ја донесе Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2025 година.

Истовремено, Владата го разгледа Финансискиот план за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата на предлог на м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии ја одложи од разгледување Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука.

**Точка 37**

Владата на предлог на м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии го одложи од разгледување Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука.

**Точка 38**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Точка 39**

Владата ја донесе Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 41**

Владата ја донесе Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година.

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за фитосанитарна политика за 2025 година.

**Точка 43**

Владата ја донесе Програмата за семе и саден материјал во 2025 година.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2025 година.

**Точка 45**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

**Точка 46**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2025 година.

**Точка 47**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година.

**Точка 48**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година.

**Точка 49**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година.

**Точка 50**

Владата ја донесе Програмата за водостопанство за 2025 година.

**Точка 51**

Владата ја донесе Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2025 година.

**Точка 52**

Владата ја донесе Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година.

**Точка 53**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година, за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 54**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2025 година.

**Точка 55**

Владата ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година.

**Точка 56**

Владата ја донесе Програмата за заштита на природата за 2025 година.

**Точка 57**

Владата ја донесе Програмата за управување со водите за 2025 година.

**Точка 58**

Владата ја донесе Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година.

**Точка 59**

Владата ја донесе Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година.

**Точка 60**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година.

**Точка 61**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за  2025 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2025 година, со прилози.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Националната програма за развој на железничка инфраструктура за период од 2025 година до 2029 година и условно ја донесе Националната програма, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, Министерството за европски прашања да достави мислење по материјалот.

**Точка 64**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2025 година.

**Точка 65**

Владата ја донесе Програмата за заштита на потрошувачите за 2025 година.

**Точка 66**

Владата ја донесе Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2025 година.

**Точка 67**

Владата ја донесе Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 68**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-програмата со Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 69**

Владата ја донесе Годишната програма за рекултивација на деградирани простори за 2025 година.

**Точка 70**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2025 година.

**Точка 72.**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 71**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави текст на Предлог-програмата усогласен со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 72**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 73**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 74**

Владата ја донесе Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2025 година.

**Точка 75**

Владата ја донесе Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2025 година.

**Точка 76**

Владата ја донесе Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 77**

Владата ја донесе Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 78**

Владата ја донесе Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 79**

Владата ја донесе Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 80**

Владата ја донесе Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 81**

Владата ја донесе Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 82**

Владата ја донесе Програмата „Здравје за сите“ за 2025 година.

**Точка 83**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година.

**Точка 84**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 85**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 86**

Владата ја донесе Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 87**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 88**

Владата ја донесе Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 89**

Владата ја донесе Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 90**

Владата ја донесе Програмата за развој на спорт и млади за 2025 година.

**Точка 91**

Владата ја донесе Програмата за субвенции од областа на спортот за 2025 година.

**Точка 92**

Владата ја донесе Програмата за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за 2025 година за финансирање на националните спортски федерации и активности и проекти за промоција и унапредување на спортот во Република Северна Македонија.

**Точка 93**

По однос на оваа точка од Дневниот ред немаше предлози.

**Точка 94**

По однос на оваа точка од Дневниот ред немаше прашања ниту предлози.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2025 година, со Финансиски план за реализација на активностите од Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Горан Минчев, министер за јавна администрација, истакна дека во подготовка е ново законско решение за инспекциски надзор со кој се предвидува трансформација на Инспекцискиот совет и доколку таквото законско решение се донесе тогаш Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2025 година ќе треба да се усогласи согласно новиот закон.

**Точка 97**

Владата го разгледа Финансискиот план на Јавното претпријатие „Колекторски систем“ - Скопје за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие „Колекторски систем“ – Скопје за 2025 година, материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Инвестиционата програма за 2025 година на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопстврност, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година, бр.03-7166/2-1 од 24.12.2024 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Програмата за работа за 2025 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2025 година и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Програмата за работата на Јавното претпријатие „Национални шуми“ за 2025 година, со Финансиски план за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Годишната програма со Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата ги разгледа Годишната инвестициска програма, Финансискиот план и Планот за производство на електрична енергија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2025 година, како материјал за информирање.

## Точка 109

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

## Точка 110

Владата го разгледа Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ-Скопје за 2025 година, како материјал за информирање.

## Точка 111

Владата на барање на м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии го одложи од разгледување Годишниот план за работа на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2025 година, за наредната седница на Владата.

## Точка 112

Владата ја донесе Програмата за одбележување на годишнина на Рамковниот договор за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 113

Владата ја донесе Програмата за одбележување на национален ден на етничките заедници за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Истовремено, Владата заклучи, Програмата да биде реализирана во рамките на обезбедените буџетски средства на Министерството за односи меѓу заедниците.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

**Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил:м-р Марија Арсова – Лазаревска
Проверил:Никола Пасков
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски
Согласен:Снежана М. Пендовски